учењето и кои не можат да ги постигнат резултатите од учењето со преодна оценка, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, а по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Овој тип на поддршка е од големо значење за нашето училиште бидејќи од искуството кое го имавме изминатиот период каде по потпишаниот договор помеѓу Советот на Европа и општина Битола во мината 2023/24 година се реализираше туторска настава на ученици Роми од второ до четврто одделение. По успешните резултати, општината на нејзина иницијатива ја продолжи туторската настава во приодот јануари-јуни 2024 година.

Со оглед на континуираната соработката која се реализира помеѓу општината и училиштето за поддршка на учениците од ранливи категории- планираме да се реализираат низа активности за туторска поддршка.

Доколку МОН обезбеди дополнителната поддршка училиштето примарно би ја организирало по наставните предмети македонски јазик и математика и би опфатило ученици од второ до деветто одделени кои ќе бидат тестирани и идентификувани како потенцијални корисници на оваа услуга.

**8.15. План на образовниот медијатор**

1. Сите деца на школска возраст да бидат вклучени во процесот на образование;

2. Да се мотивираат учениците да имаат подобар успех;

3. Да им се пружи поддршка на учениците за што поголем број да е можат да се стекнат со завршено основно образовани;

4. Повеќе средби и разговори со семејствата;

5. Да се формираат паралелки за децата кои воопшто не биле вкучени во процес на образование;

Време на реализација: Во текот на целата учебна година.

Одговорни лица кои ќе ја следат реализацијата на активностите од страна на образовниот медијатор: Марија Ковачевска и Валентина Петреска (ППС)

Податоци за ангажираните образовни медијатори

1. Филиз Алиу - Правник /Додипломски студии

2. Ферзије Асаноска - Економист / Економски факултет

Дополнителни информации се достапни во Годишна програма за работа на образовниот медијатор - ПРИЛОГ 19

# 9. Воннаставни активности

## 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишниот спорстски клуб „УСК Баирски пионери“ со седиште на улица „Димитар Влахов“ број 32 е основан на 01.10.2012 година. Одговорни наставници за спорсткиот клуб се наставниците по физичко здравствено образование Љупчо Стојановски (претседател) и Деан Илиевски (земеник претседател).

Цели и задачи:

Здружението УСК Баирски пионери-Битола од обласста на спортот е формирано за остварување на заеднички јавен интерес за организирано занимавање со спорт и спортски активности на учениците од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“. Како посебни цели и задачи се утврдуваат:

- Поттикнување, осамосоување и развој на спортот и спортско рекреативните активности
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи
- Води грижа за оддржување при користење на објектите за спорт
- Го симулира развојот на секциите и спортките школи во рамки на клубот
- Стручно усовршување на своето членство
- Соработува со други спортски организации, секции и клубови

Дополнителни информации се достапни во Годишна програма - ПРИЛОГ 26 каде е образложена процедурата како и кога ќе им биде понудена оваа воннаставна активност на учениците, начинот на финансирање, тимот за следење на реализацијата и начинот на евалуација.

### 9.2. Секции и слободни ученички и други активности

СЕКЦИИ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА – 2025/26 г.

| Одделение | Наслов на секцијата | реализатор |
|---|---|---|
| Прво - 1 | Драмско- рецитаторска секција | Зора Петковска |
| Прво - 2 | Драмско- рецитаторска секција | Сунчица Бендевска |
| Прво - 3 | Ликовна секција | Моника Делова |
| Прво - 4 | Ликовна секција | Јасмина Павловска Плитароска |
| Второ - 1 | Ликовна секција - Мали ликовни уметници | Билјана Петковска |
| Второ - 2 | Музичка секција - Танцуваме и пееме по ритамот на музиката | Наташа Тодоровска |
| Второ - 3 | Ликовна секција - Мали ликовни уметници | Соња Крајчевска |
| Второ - 4 | Музичка секција - Танцуваме и пееме по ритамот на музиката | м-р Билјана Рахманова Тасева |
| Трето - 1 | Драмска секција | Наташа Марковска |
| Трето - 2 | | |
| Трето - 3 | Ликовна секција-Млади ликовни таленти | Горица Фердинанди |
| Трето - 4 | Ликовна секција-Млади ликовни таленти | Андријана Илијовска |
| Четврто - 1 | Спортско рекреативнасекција - Пинг - понг | Невенка Иванова Толеска |
| Четврто - 2 | Ликовна секција-Млади ликовни таленти | Елизабета Димовска |
| Четврто - 3 | Ликовна секција-Млади ликовни таленти | Светлана Бушиновска |
| Четврто - 4 | Ликовна секција-Млади ликовни таленти | Ана Нанова |
| Петто - 1 | Ликовна секција | д-р Валентина Стојкоска |
| Петто - 2 | Музичка секција | м-р Наташа Алабаковска Апчевска |
| Петто - 3 | Музичка секција | Роза Георгиевска |
| Петто -4 | Спортско рекреативна секција - пинг понг и шах | Виолета Момчиловска |

СЕКЦИИ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА – 2025/26 г.

| **Наставен предмет** | **Назив на секцијата** | **Одговорни наставниици** |
|---|---|---|
| Македонски јазик | Драмска секција | Билјана Зацеска Силјановска |
| Македонски јазик | Литературно- рецитаторска секција | Марјан Тасевски и Жаклина Гиновска |
| Англиски јазик | Англиска секција | Д-р Јасминка Секулова<br>Даниела Лавуровска<br>Весна Зулумовска<br>Христина Радевска |

| | | |
|---|---|---|
| | | Маја Јанушева |
| Германски јазик | Германска секција | Ирена Миленковска<br>Иванчо Деспотовски |
| Математика | Математичка секција | Невена Поповска<br>Лилјана Василевска<br>М-р Лилјана Петковска |
| Техничко образование и информатика | Секција - Млади програмери | М- р Оливера Шиклеска-Грозданова |
| Биологија | Млади биолози | Симона Белокозовска-Здравковски |
| Биологија | Биолошко-еколошка секција | Фросина Јанкоска |
| Физика | Млади физичари | Марија Силјановска |
| Хемија | Хемиска секција | Сузана Ристевска |
| Техничко образование | Млади техничари | Валентина Петрова |
| Граѓанско образование | Секција - граѓанско образование | Мирјана Ѓоршевска Поповска |
| Географија | Географска секција | Билјана Чантурија<br>Стефанија Грујовска |
| Историја | Млади историчари | Ана Велевска<br>Владо Кузмановски<br>Ивана Нојкова |
| Физичко и здравствено образовние | Спортска секција- Фудбал, кошарка, ракомет, одбојка | Љупчо Стојановски<br>Деан Илиев<br>Виктор Георгиевски<br>Дамјан Наумовски<br>Горан Ристевски |

### 9.3 Ученички акции

Тимот за организирање на хепенинзи, базари и ученички акции го сочинуваат наставниците: Ирена Митревска, Билјана Чантурија и Александра Христов. За учебната 2025/2026 е изготвен план за организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции и сл., со јасно дефинирани содржини, време на реализација, и назначување на лицата задолжени за реализацијата на акциите, потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат, тим за следење на акциите. За следење на реализацијата на активностите е формиран тим од тројца претставници од родителите и тимот кој е погоре наведен.

| **Содржина Активност** | **Време на реализација** | **Реализатор Носители** | **Ресурси** | **Постигнати цели** |
|---|---|---|---|---|
| Хуманитарно<br><br>Талент Шоу | Октомври<br><br>Ноември | Наставниците од јазично-уметничката група | Сала<br><br>добро озвучување (микрофони, звучник)<br><br>паник тастер | ● истакнување на своите таленти,<br>● развивање на детската креативност<br>● (собраните средства се за покривање на трошоците на социјално-загрозените полуматуранти) |
| Училишен хепенинг по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост | Декември | Центар за поддршка на лицата со попреченпст и одделенски наставници | сала<br>звучник<br>хамери, боици, ножици... | ● развивање наемпатија и зголемена свест за различностите |
| Новогодишен училишен хепенинг | Декември | сите наставници<br>сите ученици | Сала<br>Озвучување<br>Храна<br>Пијалоци<br>Рачно изработени украси | ● развивање на празнична атмосфера во училиштето и развивање на детската креативност |
| Еколошки акции | Март<br>Денот на пролетта | сите наставници<br>сите ученции | метли<br>средства за чистење<br>кеси | ● формирање еколошки навики, развивање љубов кон природата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фестивал на храна и цвеќе | Мај | сите наставници сите ученици | Простор. Засадени цвеќина Храна | ● манифестација која го слави цвеќето, зеленилото, природата, вкусна храна, забавни и едукативни игри и другарувањето на отворено |
| Игри без граници (ученици и наставници) | Јуни | наставници по ФЗО | Простор Спортски реквизити | ● забавен начин на тимска работа, дружба, креативно играње на игрите и натпреварување, демократската клима во училиштето |

## 10. Ученичко организирање и учество

**Организирање во заедница на паралелката**

Според членот 68 од Законот за основно образование, сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката (одделението).

Задачите на заедницата се:

- да одлучува за прашања поврзани со учењето,
- престој во училиштето,
- меѓусебни односи,
- како и односи со возрасните во училиштето.

Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира:

- претседател,
- заменик претседател,
- постојани тела и
- повремени тела.

Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело (во согласност со сопствените афинитети). Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост. Самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат. Секој ученик (освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата) доброволно се определува во кое тело сака да биде член.

**Ученички парламент**

Основната идеја е дека ученичкиот парламент и неговите тела е да се организирани и поддржувани од самите ученици. Целта на тимот за поддршка е да овозможи да се адресираат и да се отворат важните прашања и проблеми на многу структуриран и демократски начин. Така, освен практикување демократија, учениците учат и да дејствуваат. Одговорните наставници нудат помош и ги насочуваат членовите правилно да се води работата на телата на ученичкиот парламент.

Според тоа, наставниците кои се дел од тимот и директно учествуваат во работата на ученичкиот парламент:

- треба да ги почитуваат истите правила како и учениците – членови на телата (на пример, барање за збор, почитување на времето на говорот итн.);
- не смеат да го узурпираат времето, ниту пак да се наметнуваат со свои мислења и ставови;
- треба што е можно помалку да даваат сопствени мислења;
- не треба отворено да поддржуваат или да се спротиставуваат на одредена идеја;
- треба да реагираат при нарушување на правилата (повикувајќи се на тие правила).

Членови на ученичкиоот парламент ќе бидат избрани и дополнети во текот на месец септември 2025 година.

| Одделение | Претстедател на одделенска заедница | Заменик претседател на одделенска заедница |
|---|---|---|
| Прво-1 | | |
| Прво-2 | | |
| Прво-3 | | |
| Прво- 4 | | |
| Второ-1 | Сораја Шакирова | / |
| Второ-2 | Армин Канановски | Хана Абдиева |
| Второ-3 | Самедин Кананоски | Алара Тахировска |
| Второ-4 | Перихан Али | Озлем Селоска |
| Трето-1 | Левен Бајрамовски | Ахмед Вејсел |
| Трето-2 | Демиран Рустемовска | Арас Иса |
| Трето-3 | Елнора Џаферовска | Денил Исовски |
| Трето-4 | Линет Бекирова | Тамара Талевска |

| | | |
|---|---|---|
| Четврто-1 | Меланија Костадинова | Софија Крстевска |
| Четврто-2 | Ангел Јосифовски | Северџан Јашаровски |
| Четврто-3 | Јаков Димковски | Константин Марушевски |
| Четврто-4 | Мерима Ахмедова | Дилавер Јусуфов |
| Петто-1 | Емир Шакиров | Аднан Бајрам |
| Петто-2 | Ајлин Асановска | Медина Зекирова |
| Петто-3 | Салиха Бајрамовска | Емир Велиов |
| Петто-4 | Мерима Ахмедова | Дилавер Јудуфов |
| Шесто-1 | Бисера Стојановска | Рабија Канановска |
| Шесто-2 | Фикрије Кенанова | Филип Ристевски |
| Шесто-3 | Јакуп Рустемовски | Адела Мусоска |
| Шесто-4 | Ајлин Ахмедова | Џеко Џеловски |
| Седмо-1 | | |
| Седмо-2 | Елена Касапова | Анифе Џеловска |

| | | |
|---|---|---|
| Седмо-3 | | |
| Седмо-4 | Селина Рустемова | Амел Ахмедов |
| Осмо-1 | Санка Јашаровска | Арзије Канановска |
| Осмо-2 | | |
| Осмо-3 | | |
| Осмо-4 | Џемиле Бајрам | Моника Вант Хоф |
| Деветто-1 | | |
| Деветто-2 | Далмин Дурак | Бајрам Шакиров |
| Деветто-3 | Александра Србиновска | Владе Тодоровски |
| Деветто-4 | | |

Годишната програма за работа на ученичката заедница, ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител во текот на учебната година како и потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат се детално опишани во ПРИЛОЗИТЕ 21, 22 И 23.

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Тимот за изработка на програмата за вонучилишни активности го сочинуваат: Јулијана Наумовска, Деан Илиевски и Иванчо Деспотовски.

Изборот на вонаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Особено е значајно вонаставните активности да ги развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или, само делумно се покриени со наставните програми, а се во согласност со Националните стандарди кои треба да ги постигнат учениците до крајот на основното образование.

Ангажирањето во вонаставните активности им овозможува на учениците:

- да изградат позитивен став спрема училиштето;
- подигање на мотивацијата на учениците за постигање повисок училишен успех;
- го намалува ризичното однесување на учениците и ја редуцира опасноста од напуштање на училиштето;
- развивањо на животните вештини и самодовербата кај учениците, врз нивните капацитети за демократско одлучување, врз односите меѓу учениците и возрасните, како и врз училишниот етос.

Учениците треба да бидат активни фактори во: планирањето, програмирањето, организацијата и реализацијата на вонаставни активности што ги поттикнуваат, ги вклучуваат и ги осамостојуваат учениците во работењето и во учењето. Вонаставните активности треба да го поттикнуваат дружењето на учениците, поттикнуваат а соработка во услови на рамноправни односи, на самоиницијативност и тимска работа, на креативност и одговорност.

Вонаставните активности  поттикнуваат позитивни емоции кај учениците, како љубопитност, задоволство, надеж и гордост, бидејќи овие емоции ја зголемуваат мотивацијата за учество како во подучувањето и учењето на часовите, така и во неформалните активности по часовите, го потпомагаат учењето, ги зголемуваат академските постигнувања и ги насочуваат кон избор на идни професии и занимања|

Во нашето училиште во учебната 2025/26г. ќе се  реализираат повеќе видови вонаставни активности:

Краткотрајни вонаставни активности

- излети и екскурзии
- еднократни работилници
- акции во училиштето или во заедницата

Подолготрајни воннаставни активности

- секции/клубови

Еднократни воннаставни активности

- Проекти
- поддршка на постојните наставни предмети/области
- иницирани од страна на  училиште во соработка со други училишта и организации во локалната заедница
- соработка на државно ниво
- соработка на меѓународно ниво( Еразмус +,  ЕТвининг) меѓународен карактер.
- иницирани од страна на други организации/институции, како од МОН, БРО, општината, меѓународни организации/донатори и евентуално да бидат реализирани од други организации/ институции кои добиле дозвола за тоа од страна на училиштето и од МОН.

## 12. Натпревари за учениците

Во рамките на Годишната програма за 2025/2026 година, училиштето планира организирање и реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од IV до IX одделение. Целта на овие натпревари е да се поттикнат учениците да ги продлабочат своите знаења, да развиваат дополнителни вештини и да се мотивираат за учество на натпревари од повисок ранг.

Како подготовка за натпреварите, наставниците ќе реализираат активности во рамките на додатната настава, каде што ќе се работи со учениците кои покажуваат посебен интерес и способности во определени наставни дисциплини. Секој наставник-ментор ќе има обврска да го насочи ученикот, да му обезбеди дополнителни материјали и активности и да го подготви за соодветниот натпревар. Во таа насока, секој ученик ќе има можност да се пријави за најмногу три училишни натпревари, односно по три наставни предмети.

Во рамки на планираните активности за учебната 2025/2026 година, училиштето ќе реализира повеќе ученички натпревари и во одделенската настава, согласно годишниот план и наставните програми. Овие натпревари се организираат по наставни предмети, со цел навремена идентификација на талентирани ученици, развој на нивните потенцијали и промоција на знаењата што ги стекнуваат во текот на учебната година.

Во наставниот предмет Математика, ќе се реализираат натпревари како што се „Кенгур" и регионалниот натпревар, за учениците од III, IV и V одделение. Овие активности се предвидени за месеците март и април, а за нив се задолжени одделенските наставници.

Во областа на Природните науки, учениците од IV и V одделение ќе учествуваат на општински, регионални и државни натпревари, кои ќе се одржуваат во периодот од март до јуни. За организацијата и подготовката на учениците се одговорни одделенските наставници, во соработка со наставникот по природни науки.

Во наставниот предмет Техничко образование, се предвидува учество на ученици од V одделение на натпреварите од областа на сообраќајот под името „Детски семафор", како и на регионалниот и државниот натпревар организиран од Народна техника. Овие натпревари ќе се реализираат во април и мај, под менторство на наставниците по техничко образование.

Во областа на странските јазици, учениците од V одделение ќе се подготвуваат за учество на општински, регионални и државни натпревари по англиски јазик. Натпреварите ќе се одржат во текот на месеците март до јуни, а одговорни за подготовката се наставниците по англиски јазик.

Целокупната организација и реализација на натпреварите ќе се води согласно пропозициите, а учениците и родителите ќе бидат навремено информирани преку огласната табла и директни соопштенија. Овие активности имаат за цел да поттикнат развој на креативноста, логичкото размислување и натпреварувачкиот дух кај учениците од најрана возраст.

Во однос на организацијата, ќе биде изготвен план за училишните натпревари кој навремено ќе биде истакнат на огласната табла. Два дена пред секој натпревар, класните раководители или одговорните наставници ќе ги информираат учениците усно, а на денот на натпреварот ќе се состави записник и ќе се води евиденција за присуството и постапката на спроведување. Секој

натпревар ќе го спроведува комисија составена од предметни или одделенски наставници, кои се задолжени да изготват тестови согласно со пропозициите.

По завршувањето на натпреварот, резултатите ќе бидат јавно објавени на огласната табла најдоцна седум дена по одржувањето, а учесниците ќе добијат и усна повратна информација пред присутните ученици. Списокот на ученици кои ќе продолжат на повисок ранг натпревари ќе биде составен врз основа на договор помеѓу ученикот и одговорниот наставник, при што ќе се земат предвид способностите, интересите и постигнувањата на ученикот.

Ваквата организација овозможува транспарентен, структуриран и мотивирачки пристап кон натпреварите, со јасна улога на наставниците, учениците и комисиите во секој чекор од процесот.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето основа тим за училишна интеграција кој има за цел унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во состав: Ана Велевска - наставник по историја, Билјана Рахманова Тасева - одделенски наставник, Невенка Иванова Толеска - одделенски наставник, Даниела Лавуровска - наставник по англиски јазик, Александра Србиновска - ученички правобранител и Мирјана Ѓоршевска Поповска - наставник по етика и граѓанско образование. Тимот има мандат од три години сметано од август 2025.

Меѓуетничката интеграција во образованието претставува суштински чекор кон создавање инклузивна, праведна и мултикултурна средина во училиштата.ако училиште со ученици кои припаѓаат на повеќе етнички заедници, преку разни активности, ги промовираме вредностите на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничките односи со цел да се обезбеди вградување на нивните принципи и градење на меѓуетнички односи од кои сите ќе имаме придобивки. Овие активности ќе придонесат за унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштето преку заеднички и интерни активности. Фокусот е ставен на градење толеранција, почитување на различностите и надминување на стереотипи и предрасуди. Активностите се реализираат во соработка со наставници, ученици,родители, стручна служба и партнер училиште, со јасно утврдена временска рамка, цели и индикатори за следење. Во оваа учебна година училиштето активно ќе учествува на повиците за унапредување на меѓуетничката

интеграција и мултикултурализмот од страна на МОН. Партнерска соработка ќре се реализира со ООУ „Коле Канински“ - Битола и ООУ „Крсте Петков Мисирков“- Бистрица, за што ќе бидат потпишани соодветни меморандуми за соработка.

Очекуван резултат 1:

Меѓуетничката интеграција и заеднички живот се развиваат преку интерни и партнерски активности во и надвор од училиштето.

Очекуван резултат 2:

Во училиштето се реализираат активности за унапредување на меѓуетничка кохезија и намалување на предрасуди и стереотипи.

Дополнителни информации се достапни во Годишна програма за работа - ПРИЛОГ 30

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Училишните проекти финансирани од организации како што се Европската унија (ЕУ), Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) и други слични ентитети играат клучна улога во промовирањето на образовниот развој и поттикнувањето на глобалната соработка. Овие проекти обезбедуваат вредни можности за учениците и наставниците, нудејќи бројни предности кои ги подобруваат резултатите од учењето, ги прошируваат хоризонтите и промовираат културно разбирање. Годишниот план е изготвен врз основа на значењето на учеството во вакви проекти, наведувајќи ги придобивките и за учениците и за наставниците со акциски планови на веќе отпочнатите проекти, како и планираните идни проекти. Во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 продолжуваме со континуирана соработка со чинители од локалната самоуправа, невладиниот сектор како што се Американското катче за постојана едукација на наставниот кадар и ученици,организирање натпревари и настани на локално ниво, постојана соработка со невладини организации Сумнал, Геосфера-регионално географско друштво, Здужение за формално и неформално образование и животна средина Калидус-Битола, ЕЛТАМ МК Асоцијација на професори по англиски јазик за постојана професионална надоградба (учество на семинари, конференции,натпревари итн.), МКЦ настани и соработка со истите во спроведување на активности за младински активизам,

соработка со НВО Еду Актив Плус- Битола во рамките на Еразмус+ и други локални и интернационални проекти, шведската организација Ханд тил Ханд и сите ентитети со кои училиштето има склучено или би склучило меморандум за соработка.

Предности за учениците

- Подобри можности за учење

Училишните проекти финансирани од меѓународни организации им нудат на учениците можност да се вклучат во искуствено учење надвор од традиционалните поставки во училницата. Преку практични активности, теренска работа и заеднички проекти, учениците стекнуваат практични знаења и вештини кои го продлабочуваат нивното разбирање за различни теми. Овој пристап поттикнува критичко размислување, способности за решавање проблеми и креативност, кои се од суштинско значење за подготовка на студентите за предизвиците на современиот свет.

- Културна размена и глобална свест

Учеството во меѓународни проекти ги изложува учениците на различни култури, јазици и перспективи. Интеракцијата со врсниците од различни земји ја подобрува нивната глобална свест, поттикнува емпатија и промовира толеранција. Учениците развиваат еден вид наклоност кон различноста, културното наследство и меѓусебната поврзаност на глобалната заедница. Овие искуства негуваат чувство на глобално граѓанство, подготвувајќи ги учениците да бидат активни учесници во сè повеќе меѓусебно поврзан свет.

- Вештини за соработка и тимска работа

Работењето на училишни проекти финансирани од надворешни организации често вклучува соработка со ученици од различни училишта, региони, па дури и земји. Оваа средина за соработка им овозможува на студентите да развијат основни вештини за тимска работа, вклучувајќи ефективна комуникација, соработка и преговарање. Ваквите искуства ги подготвуваат учениците да работат хармонично во различни тимови, поттикнувајќи вештини кои се вредни во идните академски определби, професионални кариери и лични односи.

- Лидерство и иницијатива

Учеството во финансирани училишни проекти обезбедува можности за учениците да преземат лидерски улоги и да изложат иницијатива. Учениците можат да се вклучат во планирање на проекти, донесување одлуки и решавање проблеми, овозможувајќи им да развијат лидерски квалитети и да преземат сопственост над нивното учење. Ова зајакнување негува самодоверба, независност и чувство на одговорност, овозможувајќи им на студентите да станат активни придонесувачи во нивните заедници и општеството во целина.

Предности за наставниците

- Професионален развој

Ангажирањето во меѓународни училишни проекти им овозможува на наставниците да ги подобрат своите професионални вештини и да ја прошират својата база на знаење. Соработката со едукатори од различни земји обезбедува изложеност на различни наставни методологии, иновативни практики и крос-културни перспективи. Оваа изложеност го збогатува нивниот педагошки репертоар, овозможувајќи им да се приспособат и да вклучат ефективни стратегии за настава кои позитивно влијаат на резултатите од учењето на учениците.

- Вмрежување и соработка

Учеството во финансирани училишни проекти ги олеснува можностите за вмрежување меѓу наставниците, како во нивната локална заедница, така и на меѓународно ниво. Овие врски овозможуваат споделување на најдобрите практики, размена на идеи и соработка на идни проекти. Ангажирањето со глобална мрежа на едукатори го подобрува професионалниот раст, го поттикнува културното разбирање и отвора патишта за потенцијални истражувачки партнерства и напредување во кариерата.

- Збогатено искуство во училницата

Наставниците вклучени во финансирани училишни проекти можат да ги вратат своите меѓународни искуства и увиди во нивните училнита, збогатувајќи ја средината за учење. Интегрирањето на различни перспективи, глобални прашања и меѓукултурно разбирање во нивните лекции ги проширува хоризонтите на учениците и поттикнува поинклузивно образовно искуство. Оваа изложеност, исто така, ги охрабрува студентите да се вклучат

критички со светот, промовирајќи активно граѓанство и подготвувајќи ги за глобалните предизвици.

Во учебна 2025-2026 година училиштето ќе учествува во следните проекти и активности на локално, државно и меѓународно ниво:

- Најавена е втора фаза од проектот „Квалитетно образование за сите" кој се реализира преку програмската канцеларија на Советот на Европа со финансиска поддршка од Германија. (пилот училиште)

- Меѓународни проекти на eTwinning платформа за учење базирано на проекти, повеќето наградени со eTwinning ознака за квалитет. (проекти во тек и проекти на кои е аплицирано)

- Меѓународни проекти од програмата на Еразмус + Клучни акции за училишно образование КА122 (обуки на наставен кадар, повикување на експерти, job-shadowing), КА210 (партнерста од мал обем), КА220 (партнерства од голем обем).- би се реализирале доколку апликациите бидат одобрени.

- Проект „Инклузија на деца со ПОП“ во соработка со здружение „Отворете ги прозорците“ Скопје (поддржан од фондација Песталоци)

- Проект за унапредување на добросостојбата на учениците - Ханд Тилл Ханд

- Проект за унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција - МОН

- Проект за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација - МОН

- Меѓународна иницијатива на волонтерска основа – Недела на кодирање

- Поддршка на ученици роми во општина битола - РОМАКТЕД програма

Учеството во училишни проекти финансирани од организации како што се ЕУ, УСАИД и други субјекти е од огромно значење за учениците и наставниците. Овие проекти нудат низа предности, вклучувајќи зголемени можности за учење, културна размена, вештини за тимска работа, развој на лидерство, професионален раст, вмрежување и збогатена училница.

.

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Секоја година, стручната служба прави споредбени анализи на успехот на учениците со претходната учебна година. Средниот училишен успех кој учениците го постигнаа на крајот од учебната 2020/21 година изнесува 2,97, а за учебната 2021/22 изнесува 3,03. Во учебната 2022/23 изнесува 3,36, што значи статистички дека просекот е повисок за 0,30 во однос на успехот од претходната година. Во учебната 2023/24 изнесува 3,15 што значи статистички дека просекот бележи незначителна промена за 0,21% во однос на успехот од претходната година. Во учебната 2024/25 изнесува  3,16 што значи статистички дека просекот бележи незначителна промена за 0,21% во однос на успехот од претходната година.

Поради големиот број на изостаноци и заради специфичностите на структурата на учениците кои во поголем број потекнуват од социјално загрозени семејства, ученици Роми повеке е нагласена соведодавната работа со нивните родителите и примена на Правилникот за педагошки мерки како начини за подобрување на редовноста на учениците.

Во учебната 2025/2026 година Стручните активи во согласност со својата програма за работа, планираат реализација на нагледни часови со посебен акцент на:

- Осовременување на наставата преку подобрување на инклузија на учениците и унапредување на професионалните компетенции на наставниците
- Унапредување на работата со деца со посебни потреби (талентирани и деца со пречки во развојот)
- Меѓутничка интеграција и унапредување на меѓуетничка соработка меѓу учениците, родителите и наставниците од различни етнички групи
- Воведување на иновации во наставата

Во текот на учебната 2025/2026 година, исто така се планираат и следните активности:

- работилници за спречување и намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување(насилство, болести на зависност, асоцијално однесување).

- едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, намалување на насилството и појавата на болести од зависности во училиштето и надвор од него и заеднички посети на установи.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Членови на тимот се м-р Валентина Петреска - педагог, Екатерина Михељкис - наставник по музичко образование, Симона Белокозовска Здравковски - наставник по биологија, Иванчо Деспотовски - наставник по германски јазик. Тимот изготвува план и програма за Професионална ориентација на учениците со конкретни активности.

Со планот посебен акцент се посветува во работа со учениците од деветто одделение во второто полугодие кога се интензивира и соработката со средните училишта во општината за професоипнално ориентирање на учениците согласно нивните спосоности, афинитети и интереси.

Дополнителни информации се достапни во План за професионална ориентација на учениците - ПРИЛОГ 32

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Одговорни лица за спроведување на планираните активности од планот за добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација се: Марија Ковачевска - психолог, Дамјан Наумовски - наставник по ФЗО, Јулијана Наумовска - одделенски наставник, Билјана Чантуриа - наставник по географија, Наташа Тодоровска - одделенски наставник / ментор, Андријана Илијовска - одделенски наставник.

Во училиштето посебно внимание се посветува на развивање на позитивна социо - економска клима преку реализација на програми поврзани со: структурата и климата во училницата, зголемување на социјалните компетенции,превенција на агресивното однесување, здравствена

едукација, превенција од злоупотреба на психотропни супстанци, превенција на деликвентно однесување, подобрување на постигањето и успехот и унапредување на навиките на учениците, применувајќи нови методи на учење.

Целите ќе се реализираат на часовите на одделенската заедница со содржини од прирачниците за Животни вештини со одделенските раководители, активите на одделенска и предметна настава, стручниот соработник, во соработка со родителите, а содржините ќе се прилагодат на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стручната служба во училиштето.

За успешна реализација на поставените цели и задачи се планираат и работилници,предавања,обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа, НВО, јавни, здравствени, социјални и други институции.

Училиштето ќе стави акцент на превенција против насилство кај учениците со цел да се намалат конфликтите меѓу учениците, да се развива толеранцијата и комуникацијата помеѓу нив. Се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците и намалување на разните облици на антисоцијално однесување. За определени области училиштето предвидува вклучување на надлежните институции (медицински, социјална грижа и за безбедност) и учество на стручни лица и организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката и соработка на тимот со стручни лица од социјални установи и други институции. Во училиштето за таа цел е формиран тим за превенција од насилство.

Училиштето има креиран Правилник за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација која е пропратена со посебни формулари за таа намена. Правилникот е усвоен на наставнички совет и одобрен за работа од училишниот одбор.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиод период, од прво до трето одделение, постигањето на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно. Во вториот период, од четврто до шесто одделение се оценува описно и бројчано. Во третиот период, од седмо до деветo одделение, оценувањетона учениците е бројчано.

Во училиштето се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата .

Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел, начините со кои ќе се оценуваат учениците се разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

Се даваат генерални информации за описното и бројчаното оценување по одделенија, се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања. Во ова подрачје треба да се даде опис на активностите со кои: ќе се стимулира имплементирањето на стандардите во оценувањето, што се очекува како активност на секој предметен наставник во секој класификационен период, планирање на формативното и сумативното оценување, оценување на учениците со попреченост и начини на известување на родителите за успехот на учениците. Исто така, се наведуваат членовите на комисијата за повторна проверка на

знаењето на учениците, како и н испитниата комисиј за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување.).

Оценувањето на учениците со типичен развој во редовните паралелки се реализира согласно Законот за основно образование. Оценувањето на учениците во наставата претставува составен дел од наставата и учењето , а не само кулминација на наставниот процес.

Оценувањето на учениците со ПОП се реалира и се имплементира согласно Правилникот за оценување на учениците со попреченост според член 139 став (5) од Законот за основно образование. Според времето кога се изведува проверувањето може да биде :

- пред или на почетокот на наставата (иницијално проверување) – наставниците проверуваат кои претходни знаења и вештини ги поседуваат децата. Овие иницијални проверки се спроведуваат кај учениците со типичен развој во редовните паралелки како и во посебните паралелки , каде што специјалните едукатори рехабилитатори утврдуваат кои наставни единици недоволно ги разбрале учениците го откриваат и збогатуваат знаењето за начинот и стилот на учење. Кај учениците кои што имаат проценка од стручното тело по МКФ наставниците веќе имаат воведна информација за состојбата и интересите на ученикот. Тоа се ученици кои се вклучени во редовните паралелки и нивното следење и оценување на воспитно образовниот процес се реализира преку ИОП и МОДИФИЦИРАНА ПРОГРАМА.
- во текот на наставата ( тековно проверување) – формативно, се одвива истовремено со подучувањето и вклучува формални и неформални методи. Кај учениците во посебните паралелки , учениците по ИОП се реализира преку усно испрашување, употреба на вербални и невербални активности со помош на дидактички материјали , наставни ливчиња без оценување, скицирање, гласно размислување и сл.

Кај учениците кои следат настава по модифицирана програма, најчесто е објективно и се следи интересот и начинот на кој ученикот учи и сака да ги интерпретира своите способности и знаења.

За учениците со типичен развој со кои се реализира настава во редовните паралелки и за учениците со ПОП кои посетуваат настава во посебните паралелки се изработуваат тестови се реализираат и писмени работи во вториот и третиот период од подучувањето.

Во текот на наставата оценувањето е неформално микросумативно, кое не завршува со оценка и формално етапно микросумативно оценување што се реализира на тромесечие , полугодие.

- по завршувањето на наставата – (завршно проверување) кај учениците во редовните паралелки и учениците со ПОП кои се вклучени во посебните паралелки во првиот период проверувањето е описно, во вториот е описно и бројчано , а во третиот период е бројчано . На истиот начин се оценуваат и учениците по ИОП , само што при оценувањето главен индикатор се целите во извештајот од МКФ, како и целите кои се опфатени во ИОП от. Кај учениците кои се вклучени во настава по модифицирана програма оценувањето во сите периоди е описно.

Покрај усното и писмено проверување потребно е да има и практично проверување. Овој вид на проверување е насочен кон психомоторното подрачје на наставните цели. Се однесува на наставата по предметите што се карактеризираат со психомоторни активности и изработка на некои практични производи.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето го сочинуваат: Наташа Алабаковска Апчевска - одделенски наставник, Ирена Зафировска - специјален едукатор и рехабилитатор, Фросина Јанковска - наставник по биологија, Марија Ковачевска - психолог, м-р Валентина Петреска - педагог.

Тимот ќе прави анализа на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување. Тимот за следење, анализа и поддршка е во состав од стручна служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, со операционализиран план за следење /период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално, по тримесечја споредбено), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамкина училиштето.

Следење анализа и поддршка кај учениците со ПОП

Следењето треба да биде континуирана дејност кој подрабира систем на постапки со кои се доаѓа до информација за развојниот тек и нивоата на остварување на предвидената цел и задачите на воспитно – образовната работа.

Потребно е :

- При следењето кое се врши во функција на оценувањето треба да се земат во предвид постапките на мерењето со кои во значајна мера се намалуваат негативните страни на субјективната оцена.
- Вреднувањето и оценувањето интегративно да делуваат на процесот на настава, постојано треба да бидат во соработка наставниците, родителите, стручната служба. Вреднувањето треба да ја зголеми мотивацијата кај учениците и треба да влијае на развојот на личноста , почитувајќи ја нејзината индивидуалност
- Вреднувањето да се базира на сестран принцип, да ги опфаќа сите компоненти на поимот знаење. Да продолжи соработката меѓу наставниците од редовните паралелки и Центарот за поддршка
- Следењето и проверувањето да се реализира преку непосредни педагошки увиди, анализи, анкетирање, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај
- Да се даде поддршка на наставниците при процесот на оценување и да биде усогласено со стандардите и критериумите за оценување

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето на воспитно-образовниот процес е уште една од целите на училиштето која секое училиште ја има поставено и кон која треба да покаже голема одговорност. Оттука произлегуваат повеќето задачи како што се континуирано
подобрување на процесот на учење и постигнување подобри резултати и кај учениците и кај наставнците. Планот на директорот и стручните соработници за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се детално предвидени во соодветните делови од Годишната програма за работа на директорот на училиштето, Годишната програма за

работа на педагогот и Годишната програма за работа на психологот, дадени во прилозите на оваа Годишна програма. Директорот ќе изврши педагошки увид на наставните часови со цел да се провери нивото на примената на наставните средства и помагала и примената на проектите, ИКТ и увид во реализацијата на наставната програма по сите предмети во текот на месец октомври 2025 и месец април 2026.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Директорот на училиштето формира комисија која ќе ја спроведе постапката за самоевалвација на работата на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола за изминатите 2 години односно 2023-2025. Комисијата ја сочинуваат Наташа Тодоровска - претседател, Валентина Петреска - член, Ирена Миленковска - член, Наташа Марковска - член. Претседателот на комисијата заедно со членовите се координираат и преземаат одговорност по подрачја. Потоа на демократски начин, транспарентно се избираа наставници кои ќе се приклучат кон секој од членовите задолжени за засебно подрачје. Вака формираните тимови во месец август ќе отпочнат со иницијална подготовка за навремена и темелна анализа и самоевалуација за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште. која ќе ја достават на разгледување до наставничкиот совет во законски предвидениот рок. Документот се одобрува од УО, а Извештај за самоевалуација се доставува до ДИЦ.

## 17. Безбедност во училиштето

Врз основа на Програмата за заштита, безбедност и спасување од елементарни непогоди за 2025/2026 година, училиштето ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ предвидува реализација на низа активности со цел унапредување на личната и колективната безбедност на учениците, наставниците и сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Програмата опфаќа активности за превенција и заштита од природни и други несреќи како пожари, поплави, земјотреси и слични ризици, со посебен акцент на едукација, практична подготвеност и вклученост на учениците, наставниците и родителите. Една од главните цели е да се создаде чувство на сигурност и подготвеност за соочување со евентуални вонредни ситуации.

Во училиштето е изработен план за евакуација, а исто така се предвидува спроведување на симулациски вежби за евакуација во соработка со локални институции, со цел учениците и

вработените да знаат како да реагираат без паника во реални ризични ситуации. Овие симулации ќе се реализираат континуирано во текот на учебната година.

Како дел од воспитно-едукативниот пристап, предвидено е и учество на учениците во натпревари по прва помош, преку кои ќе се стекнат со конкретни практични вештини за делување во итни состојби. За таа цел, менторите организираат курсеви и обуки за укажување прва помош.

Дополнително, за одржување на безбедноста во секојдневната работа, наставниците имаат дежурства за време на одморите, а истите се евидентирани и истакнати на видно место. Системот за безбедност е надополнет со поставени безбедносни камери, како и токен-систем за контрола на влезот во училиштето.

Во случај на опасност, училиштето следи јасно утврдени чекори: активирање на рачното ѕвоно со сигнал за опасност, отворање на влезовите, исклучување на потенцијално опасни доводи (вода, парно, плин), евакуација на учениците од страна на наставниците и пренос на архивата од страна на административниот кадар.

Сите овие активности имаат за цел унапредување на културата на безбедност, зголемување на отпорноста на ризици и развивање на свест за лична одговорност и заштита во случај на вонредни настани.

## 18. Грижа за здравјето

Врз основа на Програмата за грижа за здравјето на учениците за учебната 2025/2026 година, училиштето ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола предвидува низа активности во насока на унапредување на здравствената култура, личната хигиена и безбедноста на учениците, вклучувајќи ги следните подрачја:

### 18.1. Хигиена во училиштето

Одржувањето на хигиената во училиштето претставува приоритетна активност која вклучува сите учесници во воспитно-образовниот процес. За таа цел, училиштето ќе спроведува редовни активности за следење на хигиената преку формирање и активирање на Еко патрола. Таа ќе функционира на неколку нивоа:

- Неделна проверка на хигиената во училниците, за која ќе бидат задолжени дежурните ученици;
- Месечна еко патрола за проверка на состојбата во училишниот двор, со вклучување на претставници од секое одделение;
- Дневна еко патрола на влез и излез од училниците, која ќе обезбедува дневни извештаи за хигиенската состојба.

Целта на овие активности е да се постигне колективна одговорност и навики за уредна и здрава средина. Хигиенските навики дополнително ќе се развиваат и преку разговори, предавања и активности на часовите по физичко и здравствено образование, одделенска заедница и други наставни содржини.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските здравствени прегледи ќе се спроведуваат согласно утврдената здравствена програма, без да се попречува редовниот наставен процес. Прегледите ќе бидат организирани пред или по наставата, во соработка со медицинскиот центар, а учениците ќе бидат придружувани од своите одделенски наставници.

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од:

- Прво одделение
- Трето одделение
- Петто одделение
- Седмо одделение

Целта е навремено следење на развојот на учениците и рано откривање на евентуални здравствени проблеми.

### 18.3. Вакцинирање

Имунизацијата на учениците ќе се спроведува исклучиво во здравствени установи, согласно Календарот за имунизација на Република Северна Македонија, без спроведување вакцинација во училиштето, поради упатства од Министерството за здравство и потенцијалните несакани ефекти.

Според програмата, учениците подлежат на следната имунизација:

- I одделение – МПР (морбили, рубеола, паротит)
- II одделение – ДИ-ТЕ и ПОЛИО (втора ревакцина)
- VII одделение – ХПВ вакцина (само за девојчиња)
- IX одделение – ДИ-ТЕ и ПОЛИО (трета ревакцина)

За соработката со родителите и медицинските служби, одговорна е педагошко-психолошката служба на училиштето, која ги координира сите информации и комуникација со здравствените институции.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во насока на промовирање здрави животни навики, училиштето предвидува предавања за здрава исхрана и активности со учениците и родителите. Ќе се организираат минимум три предавања во текот на годината, посветени на:

- правилна исхрана и внес на овошје и зеленчук,
- значењето на физичката активност во секојдневието,
- избегнување на нездрава храна и пијалаци.

Предавањата ќе ги водат наставниците, стручната служба, како и гости – нутриционисти и лекари. Дополнително, наставниците ќе реализираат практични разговори и работилници на одделенска заедница, а по можност ќе бидат вклучени и родители со експертиза на оваа тема. Сите овие активности имаат цел да поттикнат развој на позитивни здравствени навики кај учениците и да ја зајакнат свесноста за здрав начин на живот.

Во нашето училиште нема услови за да се организира оброкот/ци за учениците.

## 19. Училишна клима

Во насока на создавање позитивна, безбедна и поддржувачка училишна клима, ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола, во учебната 2025/2026 година ќе спроведе повеќе активности и програми кои се однесуваат на дисциплината, естетското уредување, етичките вредности и меѓусебните односи меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес.

### 19.1. Дисциплина

Со цел унапредување на училишната дисциплина и обезбедување ред и мир во текот на наставниот ден, училиштето ќе имплементира програма за одговорно однесување на учениците, вработените и сите посетители. За таа цел ќе се воспостави јасен план за дежурства, кој ќе го покрива целиот распоред на часови, па сè до затворање на училиштето.

Секој ден, дежурни наставници ќе бидат присутни во ходниците, санитарните јазли, училниците и училишниот двор, со цел надзор за време на одморите и унапредување на културата на однесување. Ќе се води писмена евиденција за секојдневните случувања за време на одморите, преку дежурните тетратки, што ќе овозможи навремено реагирање при евентуални дисциплински отстапувања.

Дополнително, се предвидуваат советувалишта и разговори со ученици кои пројавуваат отстапувања во однесувањето, во соработка со стручната служба и родителите.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

За унапредување на физичката средина и создавање стимулирачко и естетско пријатно опкружување, ќе се формира тим за уредување на училишниот простор составен од наставници, технички персонал и претставници на ученичкиот парламент. Тимот ќе изготви план за естетско и функционално уредување, кој ќе вклучува:

- редовно чистење и уредување на училниците, холовите и дворот;
- разубавување на просторот со ученички цртежи, постери и изложби;
- мултикултурни креации кои ја одразуваат етничката разновидност на училиштето;
- поставување функционални елементи (табли за објави, растенија, информации).

Реализацијата на активностите ќе се одвива во текот на целата учебна година, со посебен акцент во август, септември, декември, март и мај, а за потребите ќе се користат материјали од училишниот буџет и донации од родители и соработници.

### 19.3. Етички кодекси

Училиштето континуирано го унапредува етичкиот кодекс како еден од клучните документи за регулирање на вредностите и однесувањето. Во текот на учебната 2025/2026 година, се предвидува најмалку едно иновирање на етичкиот кодекс за:

- учениците,
- наставниците,
- другите вработени,
- родителите.

Процесот на ревизија ќе биде консултативен, со вклучување на сите засегнати страни преку анкети и дискусии, а усвоениот текст ќе биде јавно објавен и достапен за сите.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел подобрување на меѓусебната комуникација и доверба, ќе се формира тим за односи во заедницата, во кој ќе бидат вклучени претставници од: наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, родителите и учениците.

Тимот ќе изврши анализа на критични точки во комуникацијата, ќе изготви извештај и ќе предложи конкретни активности за подобрување на соработката, како што се:

- тематски состаноци и дискусии,
- работилници за активно слушање и асертивна комуникација,
- заеднички прослави и спортски активности,
- училишни екскурзии и тим-билдинг активности,
- заедничко учество на проекти и хуманитарни акции.

Овие активности ќе бидат временски распоредени и прилагодени на потребите на секоја структура, со цел да се изгради култура на почит, разбирање и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Детектирањето на потребите и приоритетите за професионален развој се темели на анализа на повеќе извори: резултатите од самоевалуацијата, извештаите од интегралната евалуација, како и следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници од страна на директорот и советниците од БРО. Дополнително, наставниците и стручните соработници пополнија анкета за самооценување и проценка на потреби, врз основа на која се изработи статистичка анализа и дефинираа приоритетните области. Овие потреби станаа основа за изработка на Годишната програма за професионален развој.

### 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година, ќе се реализираат различни обуки, семинари и работилници, меѓу кои се издвојуваат:

- обука за современи методи во наставата (септември),
- работилница за диференцирана и инклузивна настава (ноември),
- обука за дигитални алатки и софтвер (октомври),
- семинар за управување со одделенската заедница (декември),
- работилници за комуникација со родители, лидерство, професионална етика и други.

Секој наставник ќе биде вклучен во релевантни активности според потребите. По секоја активност ќе се изготвуваат извештаи и евалуации, врз основа на кои ќе се определат наредните чекори и приоритети. Реализацијата на активностите ќе се следи преку анкетирања, практични вежби и дискусии.

### 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник и стручен соработник изготви Личен план за професионален развој (ЛППР), согласно шаблонот на МОН и БРО. Плановите се засноваат на самоевалуацијата, посочените препораки од директорот и извештаите од посетите на советниците од БРО. Во нив се вклучени:

- цели за подобрување на професионалните компетенции,
- развој на интеркултурна компетентност и работа во инклузивна средина,
- лична рефлексија за работата со ученици со ИОП,
- учество во надворешни обуки.

### 20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој ќе се поттикнува и преку хоризонтално учење, односно размена на знаења и искуства преку:

- стручни активи и училишни заедници за учење,
- организирање на работилници со интерни предавачи,
- посети на часови и дискусии за успешни практики,
- соработка меѓу наставници од различни профили и генерации.

Изработен е акциски план за хоризонтално учење со дефинирани активности, одговорни лица, рокови, очекувани исходи и критериуми за евалуација.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во насока на унапредување на кариерниот развој, училиштето предвидува:

- менторска поддршка за младите наставници и нововработените стручни соработници,
- поддршка за напредување во звања и квалификации,
- учество во национални и меѓународни проекти и конференции,
- планирање на индивидуалните кариерни патеки преку професионално советување и вмрежување,
- размена на искуства со други мултикултурни и инклузивни училишта.

Преку сите овие активности, училиштето создава средина која го поттикнува личниот раст, професионалната стабилност и постојаното надградување на квалитетот на наставниот кадар. Деталниот план за професионален развој за учебната 2025/2026 е приложен во ПРИЛОГ 41.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ ја препознава соработката со родителите/старателите како еден од клучните фактори за создавање на квалитетно и поддржувачко образовно опкружување. Подобрувањето на комуникацијата и вклучувањето на родителите во сите аспекти на училишниот живот претставува еден од стратешките приоритети на училиштето.

Преку активното учество во Советот на родители и Училишниот одбор, родителите се вклучуваат во планирањето и донесувањето одлуки, како и во реализирање на заеднички иницијативи. Тие се консултирани и имаат можност да даваат предлози за организација на излети, екскурзии, културни настани, спортски активности, тематски денови, како и други проекти кои придонесуваат кон побогат училишен живот.

Во текот на учебната година ќе се реализираат планирани средби со родителите, а на ниво на паралелки ќе се изготви распоред за прием на родители, кој ќе биде истакнат на огласната табла и електронски комуницирам преку училишните канали. Покрај редовните родителски

средби, се предвидува и флексибилен пристап за индивидуални консултации со наставниците и стручната служба.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Училиштето настојува да ги активира родителите како партнери во образовниот процес, преку поголемо вклучување во наставните и воннаставните активности. Особено внимание се посветува на поддршка на семејствата од маргинализирани заедници, со акцент на родителите на ученици од ромската етничка припадност, каде соработката ќе се интензивира преку теренска комуникација и посредување од наставници ментори.

Родителите редовно се информираат за напредокот на учениците, преку соработка со директорот, стручната служба, наставниците и ученичкиот парламент. Покрај тоа, ќе се организираат заеднички активности, преку кои родителите, согласно своите можности, ќе придонесат со дидактички материјали, ресурси или поддршка во реализација на одделенски проекти.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето ќе организира **едукативни работилници и предавања за родители**, прилагодени на нивните интереси и на актуелните потреби на учениците. Темите ќе опфатат:

- развојни и психо-социјални промени кај децата,
- безбедност и заштита на учениците (вклучувајќи дигитална безбедност),
- инклузија и соработка со деца со посебни образовни потреби,
- професионална ориентација и поддршка во изборот на идни кариерни насоки.

Активностите ќе бидат реализирани преку **советодавно-консултативни сесии**, индивидуални и групни средби, **посети на семејства**, дискусии, изработка и дистрибуција на **брошури, флаери и постери**. Ќе бидат вклучени и родители со стручни компетенции, кои ќе придонесат како предавачи на одредени теми.

За дел од активностите, училиштето предвидува **финансиски средства од сопствениот буџет**, како и можност за поддршка преку соработка со локални и меѓународни организации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола ја препознава комуникацијата со јавноста и промоцијата на училиштето како стратешка алатка за градење на позитивен имиџ, зајакнување на транспарентноста, и поврзување со заедницата на локално и национално ниво. Затоа, училиштето има изготвено план за активна, двонасочна и содржајна комуникација со сите засегнати страни.

**Соработка со основни училишта**

Во рамки на професионалната соработка, училиштето ќе развие партнерства со други основни училишта од:

- општина Битола
- регионот (како дел од заеднички едукативни настани, натпревари и хоризонтално учење),
- државата (преку мрежи создадени од програми на МОН, БРО, Еразмус+ и фондации).

Активностите ќе вклучуваат размена на добри практики, учество на заеднички натпревари, меѓуучилишни посети и виртуелни сесии.

**Соработка со локалната заедница и институции**

Како општинско училиште, „Ѓорѓи Сугарев“ интензивно ќе соработува со:

- Општина Битола, преку координативни средби и поддршка за локални образовни иницијативи;
- 
- Центарот за ментално здравје, во рамки на соработка за поддршка на семејства и ученици во ризик;
- ЈЗУ Здравствен дом – Битола, за имунизација, здравствени едукации и систематски прегледи;
- Домот на културата, библиотеката и музеите, за организирање на културни активности, посети и заеднички настани.

Секоја соработка ќе има дефиниран координатор (наставник, стручна служба или член на менаџментот), како и временска рамка (по квартали и/или поврзано со одбележување на значајни датуми).

**Соработка со институции од областа на образованието**

Училиштето ќе продолжи со соработка со:

- БРО, преку обуки и посети на советници,
- Фондацијата Песталоци, преку програми за интеркултурна размена и детски права,
- „Отворете ги прозорците“ и „Hand till Hand“, за инклузивно образование и професионална обука на кадарот,
- Македонија School Projects – САД, со кои се реализираат донации, вклучување на волонтери и образовни работилници.

Во соработка со локални и национални НВО, училиштето ќе организира:

- едукативни работилници за ученици и родители (со теми како: дигитална безбедност, инклузија, права на децата),
- спортски активности и кампањи со спортски клубови во Битола,
- доброволни акции, конкурси и јавни настани во заедницата.

Активностите ќе се реализираат преку претходно усогласен календар, со конкретни одговорни наставници или тимови за спроведување.

**Медиуми и јавна промоција**

Во текот на учебната 2025/2026 година училиштето ќе вложи напори за:

- јавно информирање преку локални медиуми (Тера ТВ, национални телевизии, веб портали),
- редовна комуникација преку официјалната Facebook страница, каде ќе се објавуваат информации, активности, покани и постигнувања,
- изработка на месечни визуелни билтени и кратки видеа за промоција на настаните,
- одбележување на клучни датуми со јавни настапи (Ден на училиштето, Светски денови, училишни фестивали).

За овие активности е одговорен медиумски тим, составен од наставници и ученици, кој ќе се грижи за квалитетна презентација на училиштето пред јавноста.

**Временска рамка**

Планираните активности ќе се реализираат:

- континуирано (комуникација со родители, социјални медиуми, медиумски објави),
- месечно (јавни настани, едукативни и културни соработки),
- по календарски настани (национални празници, интернационални денови, проектни активности),
- по повик или договор (со институции и партнери).

Комуникацијата со јавноста и проактивната соработка со сите засегнати страни е основа за создавање на отворено, инклузивно и видливо училиште кое одговара на потребите на заедницата, ги промовира вредностите на современото образование и го гради идентитетот на учениците како активни граѓани.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на имплементацијата на Годишната програма за работа на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола ќе се реализира преку постојано набљудување, проценка и вреднување на активностите дефинирани во акциските планови и прилозите кои ја сочинуваат програмата. Одговорноста за следење ја носи директорот на училиштето и тимот за изработка на годишната програма, кој преку дневникот за работа, записниците од стручни органи, извештаите на координаторите на тимовите и комисиите, како и преку организирани внатрешни увидувања и консултации, обезбедува информации за тековната реализација на програмските цели.

Следењето вклучува:

- Анализа на месечните и кварталните извештаи од стручните служби и наставниот кадар;
- Педагошки увиди во наставниот процес;
- Посети на часови и мониторинг на користењето на наставни средства и ИКТ;

- Следење на евиденцијата за вклученост на учениците во дополнителна и додатна настава;
- Анализа на реализација на проекти и воннаставни активности;
- Соработка со Советот на родители и Ученичкиот парламент;
- Следење на отчетноста на вработените во административниот и техничкиот кадар.

Континуирано ќе се води евиденција за статусот на реализирани активности преку месечните состаноци, каде ќе се прави преглед на извршените и нереализирани обврски, со соодветна корекција и надополнување на динамиката на активностите.

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Реализација на наставните планови и програми | Месечен преглед на дневници и полугодишни извештаи | Претседатели на стручни активи, ПС и наставници | Директор, ПС, Наставнички совет |
| Реализација на воннаставни активности и проекти | Месечен преглед и записник | Координатори на активности | Директор, Совет на родители |
| Постигнувања на учениците | Анализа на тримесечје, полугодие и крај на наставна година | Одделенски и предметни наставници, ПС, координатори | Директор, Наставнички совет |
| Работа на стручните тимови и комисии | Квартален преглед на записници | Претседатели на тимови и комисии | Директор, Наставнички совет |
| Реализација на планови за стручна активност и ППР | Полугодишен и годишен извештај | Стручни соработници, претседатели на активи и координатор на ППР | Директор, Наставнички совет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Финансиско работење и јавни набавки | Квартален извештај и завршна сметка | Секретар, благајник и сметководител | Директор, Општина Битола |
| Услови за работа и одржување на објектот | Месечна контрола и евиденција | Техничко лице, директор | Директор, Општина Битола |
| Реализација на проектни активности | Извештаи по фази | Координатори на проекти | Директор, Наставнички совет, Општина |
| Присуство на ученици и наставници | Месечна евиденција | Одделенски и предметни наставници, ПС | Директор, Наставнички совет |
| Соработка со родители и локална заедница | Полугодишна и годишна анализа | Одделенски наставници, стручни соработници | Директор, Совет на родители |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на програмата претставува завршна фаза од циклусот на планирање, реализација и следење. Таа се врши на крајот од учебната година, врз основа на извештаите подготвени од:

- Координаторите на стручните активи;
- Комисиите и тимовите;
- Стручната служба (педагог, психолог, специјални едукатори);
- Наставничкиот совет;
- Програмата за работа на директорот;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Финансиските извештаи.

Секој од подносителите на прилози доставува писмен извештај за спроведените активности во согласност со планираното, притоа прикажувајќи:

- Проценка на реализацијата;
- Утврдени предизвици;
- Добри практики;
- Предлози за унапредување.

Резултатите од евалуацијата се вклучуваат во Годишниот извештај за работата на училиштето, кој служи како основа за подготовка на програмата за следната учебна година.

## Заклучок

Имплементацијата и евалуацијата на Годишната програма за работа на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола е континуиран процес кој овозможува системско управување со квалитетот во воспитно-образовната дејност. Посветеноста на вработените, отчетноста на секој сегмент, како и активно вклучување на родителите, учениците и локалната заедница, ја зацврстуваат позицијата на училиштето како иновативна и инклузивна образовна институција.

Спроведените евалуации покажуваат значајно унапредување во педагошката пракса, подобрување на инфраструктурата и материјално-техничките услови, како и зголемена вклученост на учениците во наставните и воннаставните активности. Проектите на меѓународно ниво, предводени од тимовите на училиштето и директорот, придонесуваат за подигање на угледот на училиштето и неговата видливост во образовната заедница.

Потребата од континуирана анализа, иновација и квалитетен дијалог меѓу сите чинители останува суштинска и во наредниот период. Со таков пристап, училиштето ќе продолжи да се развива како современа образовна установа ориентирана кон ученикот и неговиот целосен развој.

**Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

м-р Биљана Темелкова - директор

Наставник ментор Наташа Тодоровска - одделенски наставник

м-р Оливера Шиклеска Грозданова - наставник по информатика

Марија Ковачевска - психолог

м-р Софија Стојановска - секретар

д-р Јасминка Секулова - наставник по англиски јазик

д-р Анета Христова - специјален едукатор и рехабилитатор

м-р Валентина Петреска - педагог

**Користена литература**


1. Закон за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019, 229/2020, 198/2021, 96/2022, 174/2023 и 3/2025)
2. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019)
3. Закон за работни односи („Службен весник на РСМ“ бр. 167/2015, 27/2016 и др.)
4. Закон за јавните набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 24/2019)
5. Стратегија за образование 2018–2025, Министерство за образование и наука
6. Наставни планови и програми за основно образование (Биро за развој на образованието)
7. Концепција за основно образование, БРО (2020)
8. Концепција за инклузивно образование, БРО (2019)
9. Водич за самоевалуација на училиштето, Биро за развој на образованието (2022)
10. Правилници и интерни акти на училиштето:

    – Статут на училиштето

    – Правилник за професионално однесување на наставниците

    – Правилник за работа на комисии

    – Правилник за работно време и дежурства

    – Деловник за работа на стручни органи

11. Годишен извештај за работата на училиштето за 2024/2025 година
12. Извештај од самоевалуација на училиштето (2023–2025)
13. Извештаи од координатори на стручни активи и тимови
14. Извештаи за финансиско работење за 2024/2025 година
15. Записници од состаноци на наставничкиот совет и училишниот одбор
16. Програма за работа на директорот на училиштето 2025–2029

| | | |
|---|---|---|
| Датум: 14.8.2025 | МП | |
| Директор<br><br>________________________<br><br>м-р Биљана Темелкова | | Претседател на УО<br><br>________________________<br><br>Хамид Џеловски |

## ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1. Годишна програма за работа на директорот
2. Годишна програма  за работа на педагог
3. Годишна програма  за работа на психолог
4. Годишна програма  за работа на училишната библиотека
5. Годишна програма на Училишен одбор
6. Годишна програма за работа на Совет на родители
7. Годишна програма за работа на Наставнички совет
8. Годишна програма за работа на одделенски совети
9. Годишна програма за работа на Центарот за поддршка на учењето на децата со попреченост
10. Годишна програма за работа на стручен актив за индивидуални третман
11. Годишна програма за настава во продолжен престој во Центар за поддршка на учењето
12. Годишна програма за работа на стручен актив за одделенска настава
13. Годишна програма за работа на дневен престој во редовна настава
14. Годишна програма на актив од јазична и уметничка група на предмети
15. Годишна програма на стручен актив по наставни предмети географија, историја, граѓанско образование и етика
16. Годишна програма за работа на стручниот актив по Физичко и здравствено образование
17. Годишна програма на стручен актив  на природно математичка  група на предмети
18. Годишна програма за работа на Училиштен инкузивен тим (УИТ)
19. Годишна програма за работа на образовни медијатори - не е доставена
20. Годишена програма за работа на училишен хор
21. Годишна програма за работа на ученичка заедница
22. Годишна програма за работа на ученички  парламент
23. Годишна програма за работа на ученички правобранител
24. Распоред на часови - во подготовка

25. **Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања**
26. **Програми за воннаставни активности и вонучилишни активности - клубови, секции, хепенинзи, посети и екскурзии**
27. **Програма за додатна настава**
28. **Програма за дополнителна настава**
29. **Програма за реализација на ученички натпревари**
30. **Програма за унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**
31. **План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите**
32. **План за професионална ориентација на учениците**
33. **План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**
34. **План за следење и анализа на состојбите со оценувањето**
35. **План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**
36. **Програма за самоевалуација на училиштето**
37. **Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**
38. **Распоред на дежурни наставници - во подготовка**
39. **План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето**
40. **Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)**
41. **Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**
42. **Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите**
43. **Програма за соработка со локална средина и локална заедница**
44. **Програма за грижа за здравјето на учениците**
45. **Програма за ментално здравје**
46. **Програма за јавна и културна дејност на училиштето**
47. **Програма за активности за заштита на животната средина**

## 48. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште